| | |
|---|---|
| - промовирање на рационалната употреба на ветеринарно - медицинските препарати и појава на антимикробна отпорност во ветеринарната медицина | 50.000,00 денари |
| - следење на несаканите дејства на употребата за ветеринарно - медицинските препарати | 50.000,00 денари |

"

XII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-8197/5
26 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

**4277.**

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 ноември 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/24), во дел I во воведната реченица и во табелата износот „269.185.000,00" се заменува со износот „248.342.000,00".

II

Во дел II во табелата во точката 2 износот „4.000.000,00" се заменува со износот „2.100.000,00".

Во точката 3 износот „19.000.000,00" се заменува со износот „57.000,00".

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-8198/5
26 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

**4278.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 ноември 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2024 година („Служ-бен весник на Република Северна Македонија" бр.13/24), делот I се менува и гласи:

„Средствата за реализација на оваа програма во 2024 година во износ од 134.828.000,00 денари, обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/23 и 169/24), раздел 14003-Управа за хидрометеоролошки работи (во натамошниот текст: УХМР), ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Назив на програмски активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Програмски активности од областа на администрација | 100.691.000,00 |
| 2. | Програмски активности од областа на хидрометеоролошки работи | 34.137.000,00 |
| | **Вкупно:** | 134.828.000,00 |

II

Во делот II во воведната реченица, износот „99.816.000,00", се заменува со износот „100.691.000,00".

Во Табелата во точката 1, износот „99.816.000,00", се заменува со износот „100.691.000,00".

III

Во делот III во воведната реченица, износот „8.512.000,00", се заменува со износот „34.137.000,00".

Табелата се менува и гласи:

„

| Ред. бр. | Опис на активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Мерења на квантитативните карактеристики на водите, редовна обиколка на метеоролошките станици и радарските центри и спроведување на серии за хемиска и биолошка анализа на водите | 970.000,00 |
| 2. | Изготвување на:<br>-хидролошки извештаи и информации од мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води,<br>-дневни, декадни, месечни, сезонски, годишни и повеќегодишни метеоролошки и климатолошки извештаи,<br>-редовни и вонредни временски прогнози,<br>-хемиски и биолошки анализи на површински води од мрежата за квалитет на води | 700.000,00 |
| 3. | Одржување на мрежата на хидролошки и метеоролошки станици, функционирање на системот за радарски мониторинг на облачните системи и одржување на опрема за следење на квалитет на води | 2.159.000,00 |
| 4. | Хидролошки и метеоролошки мерења и набљудувања во мрежата на станици за површински и подземни води и мрежата на метеоролошки станици | 3.416.000,00 |
| 5. | Прием и обработка на податоци од меѓународна размена за изготвување на хидрометеоролошки извештаи | 2.020.000,00 |
| 6. | Осовременување на хидрометеоролошкиот мониторинг систем, радарскиот мониторинг и осовременување на теренски мерења за квалитетот на водите | 24.872.000,00 |

"

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Репуб-лика Северна Македонија".

Бр. 41-11050/1
26 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.